# POLITICAL SYSTEM AS A CONDITION FOR DEVELOPMENT OF STATE AND LAW

**Dimitar Spaseski**
Municipality of Ohrid, Republic of Macedonia spaseskidimitar@yahoo.com

**Abstract:** The state has a central place in the political system. Through its structure and positioning the country has the strength to be a unifier of society against its overall division of the various classes and layers, ethnic, cultural and other groups. The legitimacy of all these processes is given by laws that determine the trajectory of all processes and the conditions under which the processes take place. The state, by adopting the highest legal acts such as: the constitution and the laws, achieves one of its most important functions, which is the management of society. The state directs society to promote development, but also punishes and sanction infringements and mistakes. Depending on who exercises power in the state, i.e. whether it belongs to the people, to an individual or to a powerful group, the political system can be determined. The political system in itself includes the overall state relations, the relations in society and the guidelines for the conduct of the policy of the state. A state in which the government is elected by the people through direct elections certainly fulfills the basic requirement for the development of a stable civil society. The political system is one of the sub-systems of the entire civil society. The political system is specific in that all the activities and relations of which it is composed are directed to the state and its functions. The structure of the political system is composed of political and legal norms, political knowledge, political culture and political structure. These elements confirm the strong relationship between the state, the law and the political system. Developed democratic societies can talk about a developed political system that abounds with political culture and democracy. It is the aspiration of our life. Investing in democratic societies we invest in the future of our children. If we separate the subjects of the political system, we will determine that the people are the basis of the political system. All competencies intertwine around people. Political systems are largely dependent not only on the political processes that take place in them every day, but also on the economic performance and the economic power of the states. Economic stagnation or regression in some countries often threatens democracy and its values. We often forget that we cannot speak of the existence of a functioning and well-organized democratic political system without its strong economic support. In conditions of globalization, it is necessary to pay special attention to international positions as the main factor of the political system, for the simple reason that the functions of the state in this process are increasingly narrowing.
**Keywords:** state, law, political system, democracy, society;

# ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА И ПРАВОТО

**Димитар Спасески**
Општина Охрид, е-маил: spaseskidimitar@yahoo.com

**Резиме:** Државата има централно место во политичкиот систем. Преку својата структура и поставеност државата има сила да биде обединител на општеството наспроти целокупната негова поделеност на разни класи и слоеви, етнички, културни и други групи. Легитимитет на сите овие процеси дава правото кое ја определува траекторијата на одвивање на сите процеси и условите под кои процесите се случуваат. Државата со донесувањето на највисоките правни акти како што се: уставот и законите остварува една од своите најзначајни функции а тоа е управување со општеството. Државата го насочува општеството го поттикнува развојот, но и го казнува и санкционира прекршувањето и грешките. Во зависност од тоа кој ја практицира власта во државата дали таа му припаѓа на народот, на некој поединец или на моќна група може да се определува политичкиот систем. Политичкиот систем во себе го вклучува целокупниот државен апарат, односите во општеството, правците на водење на политиката на државата. Држава во која власта произлегува од народот на непосредни избори секако дека го исполнува основниот услов за развој на стабилно граѓанско општество. Политичкиот систем е еден од потсистемите на целокупното граѓанско општество. Политичкиот систем е специфичен по тоа што сите дејности и односи од кои е составен се насочени кон државата и нејзините функции. Структурата на политичкиот систем е сочинета од политички и

правни норми, политичко спознание, политичка култура како и политичка структура. Овие елементи и тоа како ја потврдуваат силната врска помеѓу државата, правото и политичкиот систем. Развиени демократски општества може да зборуваат за развиен политички систем кој изобилува со политичка култура и демократија. Тоа е стремежот на нашето живеење. Инвестирајќи во демократски општества инвестираме за иднината на нашите деца. Ако ги расчлениме субјектите на политичкиот систем ќе дојдеме до човекот како основа на политичкиот систем. Сите надлежности се испреплетуваат околу човекот. Политичките системи во голема мера се зависни не само од политичките процеси што секојдневно се одвиваат во нив, туку и од економските перформанси и од економската моќ на државите. Економската стагнација или уназадување во некои држави многу често ја доведува во опасност демократијата и нејзините вредности. Често заборавме дека не може да се зборува за постоење на функционален и добро организиран демократски политички систем без негова силна економска поддршка. Во услови на глобализација, неопходно е да се обрне посебно внимание на меѓународните позиции како главен фактор на политичкиот систем, од проста причина што функциите на државата во овој процес се повеќе се стеснуваат.

**Клучни зборови:** држава, право, политички систем, демократија,општество;

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ: ДЕМОКРАТСКИ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Политичкиот систем се определува како збир од норми и идеи и врз нивна основа изградени институции, установи, процеси и постапки преку кои се организира власта како израз помеѓу граѓанинот и правно – политичката сфера во општествто. Несомнено политичкиот систем е директно поврзан со организацијата на власта. И токму од таа поврзност произлегува каков вид на политички режим ќе се воспостави. Постојат три вида на политички режими и тоа:

- Демократски – тоа е политичкиот режим кога народот ја има комплетната власт и му е овозможено во целост да учествува во носењето на државните одлуки;
- Автократски – тоа е политичкиот режим во кој управувањето со државата го има поединец или помала група;
- Тоталитарен – тоа е политичкиот режим во кој комплетно се занемаруваат потребите и интересите на народот и власта се спроведува само од еден центар кој контролира се.;

За нас за потребите на овој труд ќе направиме кратка анализа само на демократскиот политички режим како основа за развој на општеството.

Денешните демократски држави на едно високо ниво ги имаат поставено основните принципи: суверенитет на народот, човекови права и поделба на власта. И покрај сите разлики во гледањата на демократијата, сепак преовладуваат оние што овој облик на владеење го оценуваат како најпогодно политичко и општествено уредување во кое до одговорна влада се доаѓа преку одговорно општество а со тоа и до побрз развој и афирмација на колективната цел и потврдување на човековата личност. Најважно во критиките за демократијата е да се согледаат нејзините слабости и многуте сложени и бројни услови кои се неопходни во општеството, културата и политиката за да може демократијата да биде ефикасна и делотворна како облик на заедница во која се повеќе се потврдува човековата слобода и еднаквост во нивната меѓусебна поврзаност. Историските искуства укажуваат дека секое пренагласување на поедини страни или принципи на демократијата како пресудни за нејзиното постоење, и развивање не се само неоправдани туку имаат негативни импликации. Слободните избори за највисоките претставници на органите на власта претставуваат темел на демократското општество.Тие се засноваат врз демократското право на глас на граѓанинот кој на тајни избори одлучува за својата иднина. Таквиот начин на размислување и однесување ја зацврстува и онака силната врска помеѓу државата, правото и политичкиот систем.

## 2. УЛОГАТА НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ ВО РАЗВОЈОТ НА ДРЖАВАТА И ПРАВОТО

Постојат три различни пристапи за местото на државата во политичкиот систем во општеството.

- Марксистичкиот пристап во определувањето на државата во политичкиот систем на општеството го потенцира учењето на маркистичката филозофија за материјалноста на светот, за примарноста на материјата и второстепеното значење на идејата за предопределувачката улога на материјалната основа на општеството во однос на сите останати творби. Според тоа и за класната суштина на државата и правото како најзначајни инструменти за остварување на политичката волја на општествено историските владеачки и експлоататорки класи.

- Граѓанско – либералистички пристап односно либералистичката филозофија се потпира на поединецот и на неговата загарантирана приватна сопственост и на претприемништвото, во производната сфера и на загарантираните слободи и права во политичката сфера односно првентство на поединецот над државата.
- Според современиот пристап за местото на државата во политичкиот систем на општеството државата е обединител на сета поделеност по слоеви и класи во општеството. Тоа го прави преку спроведување на политика на земјите, државата е орган на јавната власт, државата преку легислативата го создава правото, државата преку правото ги определува правата и обврските на секој свој граѓанин.

Државата има право да бара од своите државјани да исполнуваат определени должности и работи што се во интерес на државата а воедно е должна да ја гарантира правната сигурност, да ги обезбеди неопходните услови за живот и работа, да ги обезбеди граѓанските и политичките права и граѓанинот да биде заштитен од сите незаконски дејствија од поединци или од државни органи. Значи со стекнување на државјанство на едно лице на определена држава се воспоставуваат определени обострани права и обврски како на државата кон нејзините државјани така и на државјаните спрема државата.
Како начела кои тесно ги поврзуваат државата, правото и политичкиот систем може да ги истакнеме следниве:

- Начело на претставништво и заштита на интересите на граѓаните. Во ова начело припаѓа изборниот систем како и правата и слободите на граѓаните;
- Начело на поделба на власта. Според ова начело власта е поделена на: извршна, судска и законодавна;
- Начело на јавност, отвореност и отчетност. Според ова начело државниот апарат во целост ја овозможува волјата на граѓаните да се изјаснат за решенија кои ги донесува државниот апарат;
- Начело на висок степен на професионалност. Според ова начело за поефикасно фумкционирање на државниот апарат, посебно треба да се поставуваат лица кои професионално и стручно ќе овозможат функционирање на државниот апарат;
- Начело на законитост. Тоа подразбира целосно почитување на законите во државата;

Правото пак го пронаоѓаме помеѓу луѓето. Правото е општествена појава и дел од поширокиот општествен систем. Правото ги регулира сите најразлични општествени или меѓучовечки односи како на пример: сопственост, наследување, стапување во брак, купување, продавање, кривични постапки, владеење и други релации меѓу луѓето.
Правото секогаш е поврзано со правниот поредок кој може да се дефинира како единство на правни норми и човековото однесување во конкретно општество или според друга определба како организиран ред, поредок на општествени односи регулирани со правни норми.
Токму правниот поредок е директен производ на меѓусебната врска што ја имаат државата правото и политичкиот систем.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Силна и недвосмилсена е поврзаноста помеѓу државата, правото и политичкиот систем. Оттука може да се заклучи дека политичкиот систем одиграл и тоа како значајна улога во процесот на развојот на државата и правото. Воспоставувањето на државниот апарат и институции секако пропратен со континуирано подобрување на законската регулатива овозможил силен развој на државата. Државите каде владее демократија и е овозможено владеење на правото овозможуваат функционирање на државниот систем онака како што е потребно за тој да биде во состојба во целост да излезе во пресрет на барањата на граѓаните. Таквиот политички систем ќе овозможи и сериозен економски раст што секако е битен услов за развиено општество на среќни граѓани.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Ј. Кекеновски, Наука за политика, стр.140-159, Скопје, 2004.
[2] В. Грнчаровски и Ј.Бачовска, Основи на правото, Скопје, 2013.